**Известување за концентрација со која Телеком Србија ад Белград Србија ќе стекне контрола над ОК SKAY ДОО Белград Србија**
**(предмет бр. 08-92/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 02.06.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Телеком Србија ад Белград Србија ќе стекне контрола над ОК SKAY ДОО Белград Србија, преку купување на имот односно купување на телекомуникациска опрема со приклучоци.

Телеком Србија ад Белград Србија е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и нуди услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги.

Телеком Србија ад Белград Србија има едно поврзано лице во Република Северна Македонија и тоа МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на Максим Горки бр. 11/1-3 Скопје и предмет на работење жичани телекомуникации.

ОК SKAY ДОО Белград Србија е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и дава интернет услуги.

ОК SKAY ДОО Белград Србија нема поврзани лица во Република Северна Македонија и нема никакви активности.

Релевантниот пазар на концентрацијата е малопродажен пазар за давање услуги на широкопојасен пристап до интернет на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.06.2022 година
Скопје